РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr 09-3423/2
29-05-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 30 - тата седница прво продолжение одржана на ден 18.05. 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3423/1 од 04.07.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3423/1 од 04.07.2019 година.

Предметот со број 09-3423/1 од 04.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3423/1 од 04.07.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава по електронска пошта со наводи дека директор на НУ Центар за култура вработил повеќе блиски лица во оваа институција, по што и по неговото разрешување од страна на министерот за култура сеуште се наоѓал на платен список на оваа институција.

Видено од текстот од медиуми кој што е доставен во пријавата од анонимниот подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека бил извршен вонреден инспекциски надзор во наведената национална установа од страна на Министерството за култура, по што Министерот за култура Асаф Адеми донел решение за разрешување на наведениот директор во НУ Центар за култура.

Согласно наведеното, Државната комисија констатира дека нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува, но исто така во предметниот случај постапил надлежен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut